**ПРОЕКТНА ПРОГРАМА**

- ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

Вовед

**Урбанистички проект со план за парцелација за промена на граници и поделба на Г.П. бр.9.1.96 од ДУП за Блок 9 (9.1 и 9.2) со намена А1.2 – семејни куќи со споен ѕид на меѓа – двокуќи, КО Гевгелија, Општина Гевгелија** ќе се изработи врз основа на просторните можности на локацијата, постојната состојба, Ажурираната геодетска подлога, Проектната програма, Одредбите кои произлегуваат од изводот од ДУП за Блок 9 – 9.1 и 9.2, КО Гевгелија, како и потребите на нарачателот.

Изготвувањето на проектната документација се врши во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ, бр.32 од 10.02.2020), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ, бр.225 од 18.09.2020) и Правилник за изменување и дополнување на правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ, бр.219 од 23.09.2021 и бр.99 од 12.05.2023).

- АНАЛИЗА НА ПОСТОЈНА СОСТОЈБА

Од увидот на постојната состојба на теренот може да се заклучи:

– Предметниот проектен опфат се состои од една градежна парцела која е составена од повеќе катастарски парцели, КП број 392/56 и дел од КП бр.392/104, КО Гевгелија.

– Заради поттикнување на спроведување на планот се врши парцелација на градежната парцела, односно треба да се изврши поделба на една градежна парцела на две градежни парцели.

- ЦЕЛИ

Цел на Урбанистичкиот проект е да се изврши парцелација на градежната парцела. Останатите Архитектонско урбанистички параметри се дефинираат согласно одредбите на ДУП и законската регулатива.

- МЕТОДОЛОГИЈА

Основа за изработка на УП ќе бидат Условите за градење од ДУП за Блок 9 – 9.1 и 9.2, КО Гевгелија, и оваа Проектна програма. Проектот да се изработи врз основа на методологијата која произлегува од одредбите утврдени со Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ, бр.32 од 10.02.2020), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ, бр.225 од 18.09.2020) и Правилник за изменување и дополнување на правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ, бр.219 од 23.09.2021 и бр.99 од 12.05.2023).

Инвеститор:
Милена Карајанова